**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-352/6**
**Скопје, 10.06.2005 година**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа за 2004 година за сметката за донации, кои се прикажани на страна 3.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Александар Гештаковски, Министер во Минстерството за локална самоуправа од 01.01.2004 година до 17.12.2004 година и,
- Ризван Сулјемани, Министер во Министерството за локална самоуправа од 17.12.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 30.03. до 31.03.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Катерина Чаловска - Помлад ревизор.



*Овластен државен ревизор*

________________________

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за локална самоуправа – приходи добиени по основ на донации на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Министерството за локална самоуправа на сметката за приходи добиени по основ на донации остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 06.06.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 31,169 | 21,405 |
| **Вкупно приходи** | | **31,169** | **21,405** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Тековни трансфери | 3.2.1. | 31,169 | 21,405 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **31,169** | **21,405** |
| **Вкупно расходи** | | **31,169** | **21,405** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |